# О П Ш Т И Н А   Г Е В Г Е Л И Ј А

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

**27-ти септември 2021 година, Гевгелија** **Број 10 Година XXXX**

Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija- Republika Makedonija
Tel/faks ++389 34 213 899, ++389 34 213 843
e-mail:gevgelijao@mt.net.mk
www.gevgelija.g

# АКТИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

Врз основа на член 39 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ“ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18г.) и член 38 став (1) точка 7 од Статутот на Општина Гевгелија („Сл. Гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 24.09.2021 година, донесе

## ОДЛУКА

### За донесување на Конечен измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Блок 10.2, општина Гевгелија, плански период 2020-2025 година

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Конечен измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Блок 10.2, општина Гевгелија, плански период 2020-2025 година, со графички приказ на планот и текстуален дел на планот.

**Член 2**

Конечен измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Блок 10.2, општина Гевгелија, плански период 2020-2025 година, од член 1 на оваа Одлука зафаќа површина од 2.94 ха.
Граница на опфатот е:

На запад по осовина на улица 7-ми Ноември“
На север по осовина на улица „Новопланирана 1“
На исток по осовина на улица „Новопланирана 5“
На југ по осовина на улица „Новопланирана 8“ и пешачка патека.

**Член 3**

Просторот опфатен со Конечен измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Блок 10.2, општина Гевгелија, плански период 2020-2025 година, е со следните намени:

А2 - домување во стамбени згради
Б5 - хотелски комплекси
Д2 - заштитно зеленило
Д3 - спорт и рекреација
Е1 - комунална инфраструктура
Е2 - комунална супраструктура, трафостаница, против пожарен дом.

**Член 4**

Конечен измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Блок 10.2, општина Гевгелија, плански период 2020-2025 година, се состои од текстуален и графички приказ, кои се составен дел на оваа Одлука.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен Гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1431/1
24.09.2021
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

----------------------------------------

Врз основа на член 39 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18г.) и член 38 став (1) точка 7 од Статутот на Општина Гевгелија („Сл.Гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 24.09.2021 година, донесе

# ОДЛУКА

**За донесување на Конечен Измена и дополнување на Урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија - Блок 4, општина Гевгелија, плански период 2018-2028 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Конечен Измена и дополнување на Урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија - Блок 4, општина Гевгелија, плански период 2018-2028 година, со графички приказ на планот и текстуален дел на планот.

**Член 2**

Конечен Измена и дополнување на Урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија - Блок 4, општина Гевгелија, плански период 2018-2028 година, од член 1 на оваа Одлука зафаќа површина од 2,52 ха.

Границата на планскиот опфат е:

На западната страна се движи по осовина на улица Н 6 која минува низ КП 1201, КП 1202, КП1203/1, КП1206/1, КП 1206/2, КП1207/4, КП1207/2, КП1207/5 и КП 1207/6.
На јужната страна се движи по осовина на улица Н 6 која минува низ КП 1207/5 и КП 1207/3.
На источната страна се движи по осовина на улица М 1 (регионален пат 1102).
На северната страна се движи по осовина на улица Н 3, која минува низ КП 1199/2.

**Член 3**

Просторот опфатен со Конечен Измена и дополнување на Урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија - Блок 4, општина Гевгелија, плански период 2018-2028 година, е со следните намени:

Б1 - Мали комерцијални и деловни намени
Г2 - Лесна и незагадувачка индустрија
Е2 - комунална супраструктура, бензинска пумпна станица со услужен центар, трафостаница,

**Член 4**

Конечен Измена и дополнување на Урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија - Блок 4, општина Гевгелија, плански период 2018-2028 година, се состои од текстуален и графички приказ, кои се составен дел на оваа Одлука.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен Гласник на општина Гевгелија“.

Бр.09-1432/1
24.09.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

--------------------------------

Врз основа на член 39 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 64/18 и 168/18год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 24.09.2021 година, донесе

# ОДЛУКА

**за донесување на Детален урбанистички план за Блок 11 (11.2) КО Гевгелија и КО Мрзенци, општина Гевгелија, плански период 2019 – 2024 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се донесува Конечен Урбанистички план за Блок 11 (11.2), КО Гевгелија и КО Мрзенци општина Гевгелија, плански период 2019 – 2024 година, со графички приказ на планот и текстуален дел на планот.

**Член 2**

Конечниот Урбанистички план за Блок 11 (11.2), КО Гевгелија и КО Мрзенци општина Гевгелија, плански период 2019 – 2024 година од Член 1 на оваа Одлука зафаќа површина од 17,51 ха.

Границите на планскиот опфат за предметниот ДУП Блок 11 (11.2) КО Гевгелија и КО Мрзенци, општина Гевгелија се:

- на **север** тргнувајќи од најзападната точка 11, се движи кон север до најсеверната точка 10, по граница на Генералниот урбанистички план на Град Гевгелија, Измени и дополнување за плански период од 2011-2021 год.

- на **исток** тргнувајќи од најсеверната точка 10, се движи по граница на Генералниот урбанистички план на Град Гевгелија, Измени и дополнување за плански период од 2011-2021 год, се до најисточната точка со бр.27.

- на **југ** тргнувајќи од најисточната точка 27, се движи по осовина на постојната магистрална улица Булевар ”Гевгелија”, во правец југозапад, се до најјужната точка 20.

- на **запад** тргнувајќи од најјужната точка 22, се движи во северозападен правец, по осовина на новопланираната собирна улица 6 предвидена со Генералниот урбанистички план на Град Гевгелија, Измени и дополнување за плански период од 2011-2021 год. се до најзападната точка 11.

**Најсеверна** е точката број 10, со координати X= 7627062.045 и Y= 4558130.117.

**Најисточна** е точката број 27, со координати X= 7627791.573 и Y= 4557723.106.

**Најјужна** е точката број 20, со координати X= 7627621.894 и Y= 4557315.398.

**Најзападна** е точката број 11, со координати X= 7626969.90 и Y= 4558054.584.

**Член 3**

Просторот опфатен со Конечниот Урбанистички план за Блок 11 (11.2), КО Гевгелија и КО Мрзенци општина Гевгелија, плански период 2019 – 2024 година, е со следните намени:

Б1 - Мали комерцијални и деловни намени

Г4 - Стоваришта

Д2 – заштитно зеленило

Е2 - комунална супраструктура /ТС и пречестителна станица/.

**Член 4**

Просторот опфатен со Конечниот Урбанистички план за Блок 11 (11.2), КО Гевгелија и КО Мрзенци општина Гевгелија, плански период 2019 – 2024 година се состои од текстуален и графички приказ и Извештајот од спроведената јавна анкета за урбанистичкиот план, кои се составен дел од оваа Одлука.

**Член 5**

Урбанистичкиот план за Блок 11 (11.2), КО Гевгелија и КО Мрзенци општина Гевгелија, плански период 2019 – 2024 година по усвојувањето се доставува на надлежните државни органи и институции утврдени со закон.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во ,,Службен Гласник на Општина Гевгелија,,.

Бр.09-1433/1
24.09.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

-------------------------------------

Врз основа на член 62 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл.Весник на РМ" бр.32/20 год.) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија,, бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 24.09.2021 година, донесе

# ОДЛУКА

**за прифаќање на Иницијатива за изработка на Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за КП бр.642, КП бр.641/1, дел од КП бр.641/2, КП бр.643, КП бр.629/1, КП бр.629/2 и дел од КП бр.633 КО Моин, општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува прифаќање на Иницијатива за изработка на Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за КП бр.642, КП бр.641/1, дел од КП бр.641/2, КП бр.643, КП бр.629/1, КП бр.629/2 и дел од КП бр.633 КО Моин, општина Гевгелија.

**Член 2**

Потребата за изработка на Урбанистичкиот Проект вон опфат на урбанистички план за КП бр.642, КП бр.641/1, дел од КП бр.641/2, КП бр.643, КП бр.629/1 КП бр.629/2 и дел од КП бр.633 КО Моин, општина Гевгелија се утврдува од поднесената иницијатива на барателот Ристо Мелков од Гевгелија.

**Член 3**

Средствата за изработка на урбанистичкиот проект од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од подносителот на иницијативата.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во ,,Службен Гласник на Општина Гевгелија,,.

Бр.09-1434/1 Претседател
24.09.2021год. на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија **Тодор Ристов**

--------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на РМ″ бр.05/02 год.) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија, („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на 24.09.2021 година, донесе

## ОДЛУКА
### за исплата на финансиски средства од Буџетот на Општина Гевгелија за 2021 година

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува исплата на финансиски средства во висина од **80.000,00 денари** на Црвен крст на РСМ – Општинска организација Струмица, заради спроведена обука за стекнување сертификати на четири лица – обучени лични асистенти на лица со попреченост од општина Гевгелија.

**Член 2**

Финансиските средства ќе се исплатат од Буџетот на Општина Гевгелија за 2021 година, од Основниот буџет ставка 464990 - Други трансфери Програма ДО -Градоначалник, а ќе се преведат на денарската трансакциска сметка 200000002249131 на Црвен крст на РСМ – Општинска организација Струмица, депонент во Стопанска банка..

**Член 3**

Исплатата на финансиските средства следува по доставената фактура од Црвен крст на РСМ – Општинска организација Струмица под бр.58/2021 год. од 13.09.2021 година, до Општина Гевгелија.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

бр.09-1435/1 Претседател
24.09.2021 год. на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија **Тодор Ристов**

--------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на РМ″ бр.05/02 год.), а во врска со член 89-а став (1) алинеа 2 од Законот за средното образование (″Службен весник на РМ″ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99,...........64/18 год. и "Службен весник на РСМ" бр.229/20 год.) и член 38 став (1) точка 31 од Статутот на Општина Гевгелија (″Службен гласник на Општина Гевгелија″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 24.09.2021година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**За усвојување на Годишниот извештај за работата на СОУ ″Јосиф Јосифовски″- Гевгелија за учебната 2020/2021 година**

1.Се усвојува Годишниот извештај за работата на СОУ ″Јосиф Јосифовски″-Гевгелија за учебната 2020/2021 година, усвоен и предложен од Училишниот одбор на средното општинско училиште со Одлука бр.02-644/1 од 27.08.2021 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во ″Службен гласник на општина Гевгелија″**.**

Бр.09-1436/1<br>24.09.2021 год.<br>Гевгелија

Претседател<br>на Советот на Општина Гевгелија,<br>**Тодор Ристов**

------------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на РМ″ бр.05/02 год.), а во врска со член 89-а став (1) алинеа 2 од Законот за средното образование (″Службен весник на РМ″ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02…..64/18 год. и "Службен весник на РСМ" бр.229/20 год.) и член 38 став (1) точка 29 од Статутот на општина Гевгелија (″Службен гласник на Општина Гевгелија″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на 24.09.2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**За усвојување на Годишната Програма за работа на СОУ ″Јосиф Јосифовски″- Гевгелија за учебната 2021/2022 година**

1.Се усвојува Годишната програма за работа на СОУ ″Јосиф Јосифовски″-Гевгелија за учебната 2021/2022 година, усвоена и предложена од Училишниот одбор на средното општинско училиште со Одлука бр.02-645//1 од 27.08.2021 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во ″Службен гласник на Општина Гевгелија″

Бр.09-1437/1
24.09.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

-----------------------------

Врз основа на член 32 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 131 став (2) точка 3 од Законот за водите („Службен весник на Република Македонија“ бр.87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15), Советот на Општина Гевгелија на ден 24.09.2021 година, донесе:

# ОДЛУКА

## За определување на ширина на крајбрежен појас на регулирано корито на Серменинска река во село Мрзенци, општина Гевгелија, потребно за донесување на Урбанистичкиот план за село Мрзенци

### Член 1

Со оваа одлука се определува широчината на заштитниот појас на регулирано корито и водотек на Серменинска река во село Мрзенци, општина Гевгелија, потребно за донесување на Урбанистичкиот план за село Мрзенци, **од стационажа Т1(x:4558702.3; y:7625622.57) до стационажа Т2 (x:4559161.39; y:7626066.4).**

### Член 2

Според направената анализа на сливот на Серменинска река кај с.Мрзенци, општина Гевгелија направена према 100 годишните големи води со краток интензитет на траење добиени се следните податоци:

- Максимален очекуван проток на вода низ коритото на Серменинска река кај с.Мрзенци, општина Гевгелија од 24 часовни интензивни врнежи, со веројатност на појава 1% - стогодишни води е 12,582 $м^3$/с.

За несметан проток на стогодишна вода во сливот на Серменинска река, за усвоена ширина на дното на речното корито од 19,5м висината на водостојот во услови на 24-часовни интензивни врнежи, со веројатност на појава 1% стогодишни води би била H =0,19м.

**Според ова се уредува речното корито со правоаголен облик во делот на планскиот опфат со димензии: ширина на речното корито 19,5 м и висина 0,5 м како и негово редовно одржување и чистење. Заштитниот појас на регулираното речно корито изнесува 10м од двете страни на коритото.**

### Член 3

Одлуката ќе се применува при донесување, изменување и дополнување на Урбанистичкиот план за село Мрзенци, во општина Гевгелија.

**Член 4**

Составен дел на оваа одлука е графичкиот прилог Прегледна ситуација со геодетска подлога во размер 1:2500.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Гевгелија", а по претходно добиена согласност од Министерството за животна средина и просторно планирање.

Бр.09-1438/1 Претседател
24.09.2021г. на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија **Тодор Ристов**

------------------------------

Врз основа на 114 став (1) алинеја 2 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ" бр.24/2019 и „Службен весник на РСМ" бр.87/2020), член 21-астав (1, (2) и (4) од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на РМ" бр.6/2012, 144/2014, 33/2015, 104/2015, 215/2015и „Службен весник на РСМ" бр.153/2019 и 261/2019),и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/2006, 8/2010, 18/2014, 13/2020, 2/2021, 3/2021 и 5/2021), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 24.09.2021 година, донесе:

# ОДЛУКА

**За поништување на постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за реконструкција на јавното осветлување во Општина Гевгелија преку воведување на мерки за енергетска ефикасност според ЕСКО модел**

1**. СЕ ПОНИШТУВА** постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за реконструкција на јавното осветлување во Општина Гевгелија преку воведување на мерки за енергетска ефикасност според ЕСКО модел, започната со Одлука бр.03-707/1 од 23.04.2021 година донесена од Советот на Општина Гевгелија,објавена во "Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.5/2021, по спроведената отворена постапка бр.07969/2021,**поради тоа што не е поднесена ниту една прифатлива понуда.**

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија".

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Советот на Општина Гевгелија на седница одржана на 23.04.2021 година, донесе Одлука за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за реконструкција на јавното осветлување во Општина Гевгелија преку воведување на мерки за

енергетска ефикасност според ЕСКО модел,бр.03-707/1 од 23.04.2021 година ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.5/2021).
Постапката се спроведува согласно Законот за јавните набавки и Законот за концесии и јавно приватно партнерство. Согласно член 77 од Законот за јавните и член 20 став (1) и (2) од Законот за концесии и јавно приватно партнерство, со Одлука за спроведување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство и формирање на Комисија за спроведување на постапката, бр.05-775/1 од 10.05.2021 година, донесена од Градоначалникот на Општина Гевгелија, формирана е Комисијата која ќе ја спроведе постапката, утврдено е дека Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство ќе се додели по пат на отворена постапка со објавување на оглас согласно одредбите на Законот за јавните набавки и дека постапката ќе се спроведе со користење на електронски средства преку Електронскиот систем за јавни набавки (во натамошниот текст: ЕСЈН), а дека електронската аукција ќе се спроведе во електронскиот систем за електронска аукција воспоставен во Министерството за економија. Како критериум за избор на најповолна понуда е предвидено да се користи економски најповолната понуда врз основа на најдобар однос меѓу цена и квалитет.

Комисијата за спроведување на постапката врз основа на Физибилити студија за примена на мерки за енергетска ефикасност во системот за јавно осветлување во Општина Гевгелија, ја подготвила Тендерската документација, бр.05-775/2 од 12.05.2021 година. Огласот бр.07969/2021 е објавен во ЕСЈН на ден 12.05.2021 година и во „Службен весник на РСМ" бр.107/20212 од 14.05.2021 година, а согласно член 41 став 3 од ЗЈН оглас е објавен и во службеното гласило на Европската унија под бр. OJ/S S97 20/05/2021 252138-2021-EN.

Во текот на постапката, а пред одржување на јавно отворање, од страна на еономскиот оператор ИЦС-СИСТЕМИ Р.Чешка- Подружница во Република Македонија, Охрид, на ден 09.06.2021 година, преку ЕСЈН била поднесена Жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки (во понатаможниот текст ДКЖЈН), против објавување на известување (одговори на поставени прашања) за измени и дополнителни информации во постапката односно жалбата е поднесена против тендерската документација.

Со Решение, бр.11-650/12 од 23.06.2021 година, ДКЖЈН ја одбила жалбата поднесена од еономскиот оператор ИЦС-СИСТЕМИ Р.Чешка- Подружница во Република Македонија, Охрид како неоснована.

Јавното отворање на понудите е одржано на ден 11.06.2021 година, а до предвидениот рок, до денот и часот на јавното отворање на понудите во ЕСЈН се поднесени 3 (три) понуди.

Согласно член 108 од ЗЈН, Комисијата во присуство на овластени претставници на економските оператори ги отворила пристигнатите понуди од: Друштво за трговија, производство и услуги ЕЛМОНД ЕЛЕКТРО ДОО експорт импорт Скопје, Друштво за енергетски инженеринг ИНТЕРЕНЕРГО МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, ИЦС-СИСТЕМИ Р.Чешка- Подружница во Република Македонија, Охрид, ги прочитала предвидените елементи во понудата и врз основа на став 7 од членот 108 од ЗЈН, изготвила Записник од јавното отворање на понудите.

Комисијата извршила евалуација на понудите, при што прво извршила проверка на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способност на понудувачите.

При проверка на документацијата, Комисијата утврдила дека понудувачот Друштво за енергетски инженеринг ИНТЕРЕНЕРГО МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, немал доставено комплетна и валидна документација и ја исклучила оваа понуда од понатамошна постапка.

Комисијата утврдила дека останатите два понудувачи Друштво за трговија, производство и услуги ЕЛМОНД ЕЛЕКТРО ДОО експорт импорт Скопје, и ИЦС-СИСТЕМИ Р.Чешка - Подружница во Република Македонија, Охрид, доставиле комплетна и валидна документација, меѓутоа е утврдено дека и двете понуди не ги исполнувале условите и барањата од техничките спецификации, поради што ги исклучила од понатамошната постапка.

По исклучување на понудата на понудувачот Друштво за енергетски инженеринг ИНТЕРЕНЕРГО МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје во првата фаза на евалуација поради некомплетна и невалидна документација и исклучување на понудите на понудувачите Друштво за трговија, производство и услуги ЕЛМОНД ЕЛЕКТРО ДОО експорт импорт Скопје, и ИЦС-СИСТЕМИ Р.Чешка - Подружница во Република Македонија, Охрид во втората фаза на евалуација поради неисполнување на

условите и барањата од техничките спецификации, во третата фаза од евалуацијата односно разгледување на финансиските понуди не останала ниту една понуда за разгледување.

Комисијата изготвила Извештај од спроведената постапка, бр.05-775/13 од 15.07.2021 година, со кој согласно член 114 став (1) алинеја 2 од Законот за јавните набавки, предлага поништување на постапката затоа што не била поднесена ниту една прифатлива понуда.

По спроведената постапка, и доставениот предлог за поништување на постапката, Советот на Општина Гевгелија на седница одржана на 20.07.2021 година, со Одлука бр.09-1153/1 од 20.07.2021 година ја поништи постапката.

Незадоволен од донесената Одлука, економскиот оператор Друштво за енергетски инженеринг ИНТЕРЕНЕРГО МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, на ден 30.07.2021 година, поднел Жалба против Одлуката за поништување на постапката, бр.09-1153/1 од 20.07.2021 година.

Државната комисија за жалби по јавни набавки, со Решение, бр.11-847/5 од 18.08.2021 година, ја ја усвоила жалбата и ја поништила Одлуката за поништување и постапката ја вратила на повторно постапување и одлучување.

Комисија за спроведување на постапката, постапувајќи по насоките од Државната комисија за жалби по јавни набавки, спровела повторна евалуација при што одекономскиот оператор Друштвозаенергетскиинженеринг ИНТЕРЕНЕРГО МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ увоз-извозСкопје, било побарано дополнување и појаснување на документацијата во врска со исполнување на минималните услови за техничка и професионалната способност.

Економскиот оператор не постапил по бараното појаснување односно не доставил никаква дополнителна документација поради што комисијата ја исклучила оваа понуда од понатамошна постапка од следните причини: Немало валиден доказ дека субјектите што даваат подршка ќе ги стават на располагање соодветните ресурси (Изјавите не се дигитално потпишани), била користена подршка од други субјекти во врска со образовните и стручните квалификации односно за инсталација на опремата како подизведувач го наведува ТЕРАТРЕЈД Дооел Скопје, а од овој субјект немало подршка со вработени лица што е спротивно на член 96 став 2 од ЗЈН каде што е предвидено дека: *„Економскиот оператор може во постапката за јавна набавка да ја користи способноста на друг субјект за докажување на исполнетоста на условите за квалитативен избор во врска со образовните и стручните*

*квалификации или релевантно стручно искуство само доколку другиот субјект ќе ги изведува работите или ќе ги обезбедува услугите за кои се бара таквата способност*". (Подршката со вработени е од друг субјект кој не го користи за инсталација на опремата туку само за надзор), Немало доставено никаков доказ за стручниот кадар- 2 електроинженери со работно искуство од најмалку 3 години и 2 лица со средна стручна спрема од електро насока, дека ги исполнуваат предвидените критериуми (доказ за образование, Овластување, работно искуство), Немало доказ за располагање со најмалку една дигалка со фиксна корпа и едно лесно возило (доставена е само Изјава без сообраќајни дозволи или други документи за возилата).

Понатаму, Комисијата продолжила со евалуацијата на техничките понуди на двата останати понудувачи, со анализа на доставените мостри и техничка документација, по што утврдила дека и двете понуди не ги исполнувале условите и барањата од техничките спецификации, поради што ги исклучила од понатамошната постапка од следните причини:

Понудата на Друштво за трговија, производство и услуги ЕЛМОНД ЕЛЕКТРО ДОО експорт импорт Скопје, не ги исполнувала условите и барањата од техничките спецификации, од причини што: - Не бил доставен Извештај за испитување отпорност на удар (IK тест) согласно стандард IEC-EN 62262 (била доставена само декларација); - Не бил доставен Извештај за испитување на степен на механичка заштита IP согласно стандард IEC-EN 60598-1 (била доставена само декларација); - Извештај за мерење на фотометриските карактеристики согласно стандардите LM79-08, CIE 121-1996, EN 12193-2018 и EN 13032-1, како и сертификати издадени од соодветна акредитирана лабораторија согласно ISO 17025 стандард, со што се докажува исполнувањето на бараните фотометриски карактеристики на светилката не биле издадени од акредитирана лабараторија; - Фотометриските пресметки за Тип 1 светилка за тротоарите не биле во границите на стандард, односно истите биле преосветлени, а за Тип 3 на светилки, променети биле бараните услови од 5 степени инклинација на 0 степени, и висината на монтажа била повисока за 0,04 м; и - Не биле доставени комплетни сертификати стандард за управување со квалитет (EN ISO/IEC 9001:2015 или еквивалентно) стандард за безбедност и здравје при работа: (EN OHSAS/IEC 18001:2007 или еквивалентно) стандард за менаџирањесо еколошки

системи (EN ISO/IEC 14001:2015 или еквивалентно) стандард за менаџирање со енергетски системи (EN ISO/IEC 50001:2011 или еквивалентно).

Понудата на понудувачот ИЦС-СИСТЕМИ Р.Чешка- Подружница во Република Македонија, Охрид, не ги исполнувала условите и барањата од техничките спецификации, од причини што: - Светилка тип 1 била дефинирана со две технички спецификации а и б, додека во понуда била дадена само една светлосна арматура; - Во документ „Typ1b 2_5XF2C42T08HA_1xLED_59126_11 (2" и сите други документи за тип 1, декларирана била снага од 60W односно снаги поголеми од предвидените; - Недостасувала техничка документација за светилка тип 2, 4 и 5; - Не биле доставени Докази за исполнување на сите функционални барања од техничката спецификација; - Не биле доставени ИК тестови за тип 1-4 светилки; - Не биле доставени ИП тестови за тип 1-4 светилки; - Не бил доставен ЕНЕЦ + сертификат за тип 5 светилка; - Во доставените фотометриски пресметки во понудата била доставена една светилка за тип 1, додека понудени биле 2 типа на ЛДТ фајлови за овој тип на светилка, односно не било одредано кој тип на светилка односно кој LTD file за тип 1 ќе биде користен, а за ТИП 2 светлосна арматура била дадена со погрешен LTD File, со лумени 5676lm во доставена пресметка, додека 5654 lm во доставен LTD file.

По исклучување на понудата на понудувачот Друштво за енергетски инженеринг ИНТЕРЕНЕРГО МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје во првата фаза на евалуација поради некомплетна и невалидна документација и исклучување на понудите на понудувачите Друштво за трговија, производство и услуги ЕЛМОНД ЕЛЕКТРО ДОО експорт импорт Скопје, и ИЦС-СИСТЕМИ Р.Чешка - Подружница во Република Македонија, Охрид во втората фаза на евалуација поради неисполнување на условите и барањата од техничките спецификации, во третата фаза од евалуацијата односно разгледување на финансиските понуди не останала ниту една понуда за разгледување.

Комисијата по повторната евалуација изготвила Извештај од спроведената постапка, бр.05-775/20 од 15.09.2021 година, со кој согласно член 114 став (1) алинеја 2 од Законот за јавните набавки, предлага поништување на постапката затоа што не била поднесена ниту една прифатлива понуда.

Со оглед на тоа што согласно член 21-а став (4) од Законот за концесии и јавно приватно партнерство, е предвидено дека: *„Кога концедент или јавен партнер е општината, градот Скопје или општината во градот Скопје, одлуката од ставот 1 на овој член* (Одлука за избор на најповолна понуда или Одлука за поништување на постапката) *ја донесува советот на општината, советот на градот Скопје или советот на општината во градот Скопје по предлог на градоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје или градоначалникот на општината во градот Скопје*“, Градоначалникот на Општина Гевгелија, врз основа на Извештајот на Комисијата, со допис бр.05-775/21 од 20.09.2021 година, на Советот на Општина Гевгелија му предлага поништување на постапката затоа што не била поднесена ниту една прифатлива понуда.

По разгледување на предлогот на Градоначалникот на Општина Гевгелија, а со оглед на тоа што не била поднесена ниту една прифатлива понуда, согласно член 114 став (1) алинеја 2 од Законот за јавните набавки и член 21-а став (1, (2) и (4) од Законот за концесии и јавно приватно партнерство, е одлучено е како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се изјави жалба во рок од 10 дена од денот на приемот на истата, преку ЕСЈН, истовремено до Државната комисија за жалби по јавни набавки и договорниот орган.

Бр.09-1439/1
24.09.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

----------------------------------------

# АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

**Сектор за урбанизам, комунални работи**
**и заштита на животна средина**
**Одделение за урбанизам, архитектура,**
**градежништво и заштита на животната средина**
**Бр. 11-596/4**
**07.09.2021год.**
**Гевгелија**

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), член 62 од Статутот на Општина Гевгелија и донесената Програма за измена на Годишната програма за изработување на урбанистички планови на Општина Гевгелија за 2019 година, Градоначалникот на општина Гевгелија го дава следното

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

Се известуваат физичките и правните лица од опфатот на деталниот урбанистички план за Блок 15.1 и Блок 15.2 - општина Гевгелија, дека Градоначалникот на општина Гевгелија донесе Одлука за спроведување на

**Повторена јавна презентација и јавна анкета за**
**Детален урбанистички план за Блок 15.1 и Блок 15.2,**
**општина Гевгелија**

Границите на планскиот опфат се:

- на **север** границата се движи по северните граници на катастарските парцели КП6353/1, КП6350, КП6351, КП6352/2, КП6318, продолжува по постојната улица на КП6552,
- на **исток** продолжува по постојната улица на КП 6591,
- на **југ** се движи по осовината на улицата „Моински пат"
- на **запад** по осовините на улица „Новопланирана 1"

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува **12,47 ха**.

**Повторената јавна презентација** со стручно презентирање на планот ќе се одржи **во салата на Народниот театар во Гевгелија, на ден 14.09.2021 година со почеток во 12.00 часот.**

Деталниот урбанистички план за Блок 15.1 и Блок 15.2 - општина Гевгелија ќе биде изложен во просториите на одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина при Општина Гевгелија и на web страната на Општина Гевгелија www.gevgelija.gov.mk.

Јавната анкета ке трае 5 работни дена и тоа од 15.09.2021г. до 21.09.2021г., секој работен ден од 08 до 16 часот.

Во споменатиот рок заинтересираните граѓани и правни лица од подрачјето опфатено со планот, како и државните органи и други институции ке

можат да ги доставуваат своите забелешки, предлози и мислења на анкетни листови кои може да се подигнат и да се достават во архивата на одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина или преку електронскиот систем е-урбанизам.

Градоначалник
на Општина Гевгелија,
**м-р Сашо Поцков**

---

**Сектор за урбанизам, комунални работи**
**и заштита на животна средина**
**Одделение за урбанизам, архитектура,**
**градежништво и заштита на животната средина**
**Бр. 11-596/3**
**07.09.2021год.**
**Гевгелија**

Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**О Д Л У К А**
**за организирање на повторена јавна презентација и јавна анкета по Детален урбанистички план за Блок 15.1 и 15.2 - општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува организирање на повторена јавна презентација и јавна анкета по Детален урбанистички план за Блок 15.1 и 15.2 - општина Гевгелија, со графички приказ на планот и текстуален дел.

**Член 2**

Вкупната површина на планскиот опфат, што се применува при изработка на Деталниот урбанистички план за Блок 15.1 и Блок 15.2 - општина Гевгелија, изнесува **12,47 ха**, вклучувајќи ја и површината помеѓу регулационите линии одредени и површината до оските на сообраќајниците.

Границите на планскиот опфат за предметниот ДУП Блок 15.1 и Блок 15.2, општина Гевгелија се:

- на **север** границата се движи по северните граници на катастарските парцели
КП6353/1, КП6350, КП6351, КП6352/2, КП6318, продолжува по постојната улица на КП6552,
- на **исток** продолжува по постојната улица на КП 6591,
- на **југ** се движи по осовината на улицата „Моински пат"
- на **запад** по осовините на улица „Новопланирана 1"

**Член 3**

Повторената јавна презентација ќе се организира во салата на Народниот театар во Гевгелија, на ден 14.09.2021 година со почеток во 12.00 часот.

**Член 4**

Повторената јавна анкета ќе трае 5 работни дена, во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од подрачјето опфатено со планот, како и државните органи и други институции ке можат да ги доставуваат своите забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

Анкетните листови може да се подигнат и да се достават во архивата на одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина или преку информативниот систем е-урбанизам.

**Член 5**

За времето и местото каде ќе биде изложен Деталниот урбанистички план за Блок 15.1 и Блок 15.2 - општина Гевгелија, за спроведувањето на повторената јавна презентација и јавна анкета ќе се објави соопштение во јавните гласила.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на општина Гевгелија".

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**м-р Сашо Поцков**

---

**Сектор за урбанизам, комунални работи**
**и заштита на животна средина**
**Одделение за урбанизам, архитектура,**
**градежништво и заштита на животната средина**
**Бр. 11-596/5**
**07.09.2021 год.**
**Гевгелија**

Врз основа на член 35 став 10 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 62 став 1 алинеја 14 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен Гласник на Општина Гевгелија„ бр.25/06 и 8/10), Градоначалникот на општина Гевгелија донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за формирање на комисија за изготвување на Извештај од спроведената повторена јавна презентација и јавна анкета по Детален урбанистички план за Блок 15.1 и Блок 15.2 - општина Гевгелија**

1. За изготвување на Извештај од спроведената повторена јавна презентација и јавна анкета по Детален урбанистички план за Блок 15.1 и Блок 15.2 - општина Гевгелија се формира комисија составена од три члена.

2. Во комисијата се именуваат:

- Елена Колев, дипломиран инженер архитект – одговорно лице надлежно за урбанистичко планирање од општинската администрација;
- Елена Андреева, дипломиран инженер архитект – овластен претставник на изработувачот на планот, ИН-ПУМА – Скопје;
- Митко Павлов, дипломиран инженер архитект – надворешен член, стручен работник од областа на урбанистичкото планирање.

3. Извештајот од точка 1 на ова решение со образложение за прифатените и неприфатени забелешки по Детален урбанистички план за Блок 15.1 и Блок 15.2 - општина Гевгелија да се достави до изработувачот на планот заради постапување согласно одредбите за Законот за просторно и урбанистичко планирање.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Гевгелија”.

Градоначалник
на општина Гевгелија,
**м-р Сашо Поцков**

---

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ
И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, ГРАДЕЖНИШТВО
АРХИТЕКТУРА И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
Бр.11-115/11
08.07.2021 год.
ГЕВГЕЛИЈА

Врз основа на член 35 став 13 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**О Д Л У К А**
**за организирање на повторна јавна презентација и јавна анкета по Предлог Урбанистички план за село Миравци, општина Гевгелија, плански период 2018-2028**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува организирање на повторна јавна презентација и јавна анкета по Предлог Урбанистички план за село Миравци, општина Гевгелија, плански период 2018-2028, со графички приказ на планот и текстуален дел.

**Член 2**

Предлог Урбанистички план за село Миравци, општина Гевгелија, плански период 2018-2028 од член 1 на оваа Одлука зафаќа површина од 124,65 ха.

Предметниот плански опфат е дефиниран со следните граници:

Од север кон североисток по североисточната страна на надворешниот тротоар на сервисна улица „1“ се до пресек со магистралната улица низ населено место - село, регионалниот пат Р-1102 од каде почнува да се симнува кон југ по источната страна на надворешниот тротоар на магистралната улица низ населено место - село регионалниот пат Р-1102, се до пресекот со обиколницата.

Оди по југоисточната надворешна страна на истата се до КП бр.2633/2, каде ги сече КП бр.2633/3 и КП бр.2633/2, па оди по североисточната, источната и југоисточната страна на КП бр.2633/2, ја заобиколува КП бр.2634/1 по нејзината источна и југоисточна страна ја сече КП бр.2001/13 и обиколницата.

Тргнува кон запад сечејки ја КП бр.2001/1 се до КП бр.1996, оди по нејзината југозападна и западна страна ја сече КП бр.2001/1 па оди по јужната и западната страна на КП бр.1997, ја сече КП бр.2001/1 оди по југозападната страна на КП бр.1998 повторно ја сече КП бр.2001/1 па оди по југозападната страна на КП бр.1999, повторно ја сече КП бр.2001/1 па оди по јужната страна на КП бр.2000 и повторно ја сече КП бр.2001/1 па оди по југозападната страна на КП бр.7004 се спушта по југоисточната страна на КП бр.7004 се спушта по југоисточната страна на КП бр.7068, па до југоисточната страна на КП бр.7069, повторно ја сече КП бр.2001/1, па оди по југозападната страна на КП бр.7064 и КП бр.7055, ја сече КП бр.7063 оди по југозападната хадворешна страна на тротоарот на станбена улица „7“, се спушта кон југ заобиколувајки ја КП бр.7065/2 по нејзините југоисточни и југозападни страни и оди кон запад по југозападната страна на КП бр.2059 и КП бр.4611.

На запад почнува да се искачува по југозападната и западната страна на КП бр.7052/2, југозападната, западната и северозападната страна на КП бр.7053/2. Ги сече КП бр.7050/2 и КП бр.7050/1, оди по западната страна на КП бр.7049 и КП бр.7044, ја сече КП бр.7043/1, оди по југозападната и западната страна на КП бр.7042 ја сече КП бр.7041 и оди по нејзината југозападна и северозападна страна, па оди по југоисточната и југозападната страна на КП бр.7040, се спушта по северозападната страна на КП бр.7045/1, ги сече КП бр.7039, КП бр.1911/1, КП бр.1727 и КП бр.1729, оди по северозападната страна на КП бр.6402, ги сече КП бр.6403 и КП бр.6670, оди по југозападната страна на КП бр.6397, па по северозападната страна на КП бр.6399, ја сече истата, па оди по нејзината северозападна страна, па по југозападната страна на КП бр.6395/2, по северозападната страна на КП бр.6393, КП бр.6397 и КП бр.6400, ја сече КП бр.6394, оди по југозападната страна на КП бр.6393, повторно ја сече КП бр.6394, го сече постоечкиот пат со КП бр.4604, па оди по северозападната и североисточната страна на надворешниот тротоар на станбената улица „14“. Оди по северозападната и западната страна на КП бр.6392, ја сече КП бр.6375 и КП бр.6406, оди по северната страна на КП бр.6408, КП бр.6409, КП бр.6410, па оди по северозападната страна на КП бр.6405 и КП бр.6374/1. Продолжува нагоре по западната, југозападната, северозападната и северната страна на надворешниот тротоар на станбената улица „18“, се до КП бр.6225/2, од каде се искачува кон север по северозападната страна на КП бр.6225/2 и КП бр.6224, па оди кон исток по северната страна на КП бр.6224 и североисточната страна на

КП бр.6225/3, па се искачува нагоре сечејки ги КП бр.6223, КП бр.6226/1, КП бр.6221, КП бр.6226/2 и КП бр.6217. Се спушта надоле по северозападната и североисточната страна на КП бр.6218, оди нагоре по северозападната страна на КП бр.6279/1 и КП бр.6205, ги сече КП бр.6292, КП бр.6200/3 па оди по северозападната страна на КП бр.6200/2, по северната страна на КП бр.6200/1, па повторно се искачува по западната, северозападната и северната страна на надворешниот тротоар на станбената улица „20“. Повторно се искачува по западната страна на надворешниот тротоар на сервисна улица „2“ се до појдовната точка на опфатот.

**Член 3**

Повторената јавна презентација ќе се одржи на ден 16.07.2021 година во 09:30 часот во ООУ „Климент Охридски“ во Миравци, општина Гевгелија.

**Член 4**

Јавната анкета ке трае 5 работни дена, од 16.07.2021 до 23.07.2021 година, во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од подрачјето опфатено со планот, како и државните органи и други институции ке можат да ги доставуваат своите забелешки, предлози и мислења на анкетни листови. Анкетните листови може да се подигнат и да се достават во архивата на одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина или преку информативниот систем е-урбанизам.

**Член 5**

За времето и местото каде ке биде изложен Предлог Урбанистички план за село Миравци, општина Гевгелија, плански период 2018-2028, за спроведувањето на јавната презентација и јавната анкета ке се објави соопштение во јавните гласила.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на општина Гевгелија“.

Градоначалник
на Општина Гевгелија,
**м-р Сашо Поцков**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ
И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, ГРАДЕЖНИШТВО
АРХИТЕКТУРА И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
Бр.11-115/12
08.07.2021 год.
ГЕВГЕЛИЈА

Врз основа на член 35 став 13 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 62 од Статутот на општина Гевгелија, Градоначалникот на општина Гевгелија го дава следното:

## С О О П Ш Т Е Н И Е

Се известуваат физичките и правните лица од опфатот на Предлог Урбанистички план за село Миравци, општина Гевгелија плански период 2018-2028 година, дека Градоначалникот на општина Гевгелија донесе Одлука за спроведување на

**повторена Јавна презентација и Јавна анкета за Предлог Урбанистички план за село Миравци, општина Гевгелија, плански период 2018-2028**

Предлог Урбанистички план за село Миравци, општина Гевгелија плански период 2018-2028 зафаќа површина од 124,65 ха.

Предметниот плански опфат е дефиниран со следните граници:

Од север кон североисток по североисточната страна на надворешниот тротоар на сервисна улица „1“ се до пресек со магистралната улица низ населено место - село, регионалниот пат Р-1102 од каде почнува да се симнува кон југ по источната страна на надворешниот тротоар на магистралната улица низ населено место - село регионалниот пат Р-1102, се до пресекот со обиколницата.

Оди по југоисточната надворешна страна на истата се до КП бр.2633/2, каде ги сече КП бр.2633/3 и КП бр.2633/2, па оди по североисточната, источната и југоисточната страна на КП бр.2633/2, ја заобиколува КП бр.2634/1 по нејзината источна и југоисточна страна ја сече КП бр.2001/13 и обиколницата.

Тргнува кон запад сечејки ја КП бр.2001/1 се до КП бр.1996, оди по нејзината југозападна и западна страна ја сече КП бр.2001/1 па оди по јужната и западната страна на КП бр.1997, ја сече КП бр.2001/1 оди по југозападната страна на КП бр.1998 повторно ја сече КП бр.2001/1 па оди по југозападната страна на КП бр.1999, повторно ја сече КП бр.2001/1 па оди по јужната страна на КП бр.2000 и повторно ја сече КП бр.2001/1 па оди по југозападната страна на

КП бр.7004 се спушта по југоисточната страна на КП бр.7004 се спушта по југоисточната страна на КП бр.7068, па до југоисточната страна на КП бр.7069, повторно ја сече КП бр.2001/1, па оди по југозападната страна на КП бр.7064 и КП бр.7055, ја сече КП бр.7063 оди по југозападната хадворешна страна на тротоарот на станбена улица „7“, се спушта кон југ заобиколувајки ја КП бр.7065/2 по нејзините југоисточни и југозападни страни и оди кон запад по југозападната страна на КП бр.2059 и КП бр.4611.

